Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 286/0306
27.06 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24 јуни 2019 година, врз основа на примена жалба од Здружението на граѓани за заштита на човековите права „Здравје со игла не влегува“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

Интернет - порталот на Телевизија „Алфа“ со текстот насловен „Во ек на епидемија, антиваксерите ќе ја тужат државата“, не ги прекршил професионалните и етичките стандарди

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 2 јуни 2019 година, Здружението на граѓани за заштита на човековите права „Здравје со игла не влегува“, поднесе жалба за текстот со наслов „Во ек на епидемија, антиваксерите ќе ја тужат државата“, објавен на 31 мај 2019 година, на веб - страницата на Телевизија „Алфа“ (www.alfa.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи дискриминација, неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна и навреда.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „Алфа“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Одговорниот уредник на медиумот, Анастасија Богданоска, одговори на наводите на жалителот.

Богданоска целосно ги отфрла наводите како неосновани. Смета дека текстот објавен на веб - страницата, како и прилогот во вестите на „Алфа“, се професионални и дека во нив се наведени факти кои се точни и недвосмислени. Таа посочува дека во текстот нема неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето и отсуство на втора страна.

*„Ги отфрламе тврдењата за пристрасност во информирањето, бидејќи се пренесени ставовите и изјавите на луѓето, кои се противат на вакцинацијата, изјава на адвокатот кој ги застапува, како и ставот на државата и на лекар, кој работи на вакцинален пункт“,* велат од Телевизија „Алфа“ во одговорот на жалбата

Медиумот, меѓу другото, ги отфрла и наводите за дискриминација и навреда, потенцирајќи дека луѓето кои се противат на вакцинацијата се наречени антиваксери, што било стандарден термин за тоа.

Во прилог на одговорот, Алфа ТВ приложија и видео - материјал од прилогот објавен во вестите на телевизијата, кој поради технички причини не бил поставен на веб - страницата заедно со оспорениот текст, а кој ги содржел и цитираните изјави кои што недостигале во првично објавениот текст.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 24 јуни, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата, најпрво, утврдија дека новинарскиот производ произлегува од јавниот интерес и обработува тема за која јавноста треба да биде информирана, во случајов актуелното прашање околу вакцинацијата против малите сипаници и поделеноста во јавноста.

Текстот е професионален и етички, а фактите наведени во него обезбедуваат објективна информација и согледување на повеќе значајни аспекти за темата. Авторот пренесува став од сите засегнати страни во текстот (изјава на родител – противник на вакцинацијата, изјава на адвокат, кој ги застапува родителите кои се противат на вакцинацијата, како и став од надлежните државни институции и лекар од вакцинален пункт). Со тоа, новинарот го заштитил својот интегритет и интегритетот на медиумот во кој работи и објавил целосна и непристрасна информација, од која јавноста може самата да извлече заклучоци.

Според горенаведеното, Комисијата за жалби констатираше дека во текстот на Телевизија „Алфа“, со наслов „Во ек на епидемија, антиваксерите ќе ја тужат државата“, се испочитувани сите членови од Кодексот на новинарите на Македонија, кои се во корелација со темата што ја обработува:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 4:*** *Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити“.*

***Член 8:*** *„Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии,* ***болести****, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**Забелешка:** Комисијата утврди дека на веб - страницата на Телевизија „Алфа“ биле објавени две верзии на ист текст (едниот покус и без наведени цитати од изјави, вториот надограден со отпосле вметнати цитати, кои се дел и од видео - прилогот на Телевизијата). Во овој контекст, Комисијата препорачува, во вакви случаи, јасно да се наведе кога се направени измените и на што точно се однесуваат корекциите, за да се избегнат евентуални манипулации и доведување на читателите во заблуда.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „Алфа“ (www.alfa.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595